дека интересен материјал за промакедонските манифестации во Словенија може да се најде во Државната архива на Словенија, како и во заоставштината на Терезина Др. Јенкова. Понатаму, авторот наведува уште неколку места од кои може да се види позитивното реагирање на европското општествено мислење, а посебно симпатиите кое тоа ги гаело спрема намачението македонско население, како и акциите што ги преземало за ублажување на тешките реперкусии од востанието. За подобро согледување на текот на помошната акција, авторот анкетирал и некои преживеани илинденци од Крушово, Охрид и Битола.

Во понатамошното излагање, авторот истакнува дека јавноста и во парламентите го подигнала својот глас во корист на Македонија, за што сведочат објавените записници од заседанијата на парламентите.

Во врска со литературата што ја разгледува, авторот пишува: „За прашањето на односот на Европа кон Илинденското востание и кон развитокот на настаните во Македонија по востанието постои бројна литература. Меѓутоа, може да се констатира дека не постои еден комплексен преглед на проблемот, со опфаќање на сите специфични аспекти. Акцентот бил даван на односот на европската дипломатија и на реформите. Што се однесува до останатите аспекти, особено по прашањето за односот на општественото мислење, печатот и помошните акции, тие се помалку разработени" (стр. 225). Во понатамошното излагање, авторот критички се осврнува врз постоечката литература, изнесувајќи ја тематски и хронолошки. Најпрвин авторот ја анализира литературата, која се однесува за ставот на европската дипломатија кон македонското прашање, пред востанието, за време на востанието и по него. Потоа, Полјански ја разгледува литературата посветена на реформите во Македонија. Во посебна точка ги разгледува општите истории и дипломатските истории на Европа, во кои се изнесува ставот на европската дипломатија спрема Илинденското востание и спрема настаните што следеле по него. Понатаму ги анализира општите и специјалните прегледи и студии по источното прашање, во кои се третираат дипломатските аспекти на македонското прашање за време на Илинденското востание и по него. Во посебна точка се осврнува на општите истории и специјалните студии за Балканот. Потоа ги разгледува општите и специјални прегледи и студии за историјата на Македонија, особено за македонското национално-ослободително движење. Се осврнува и врз специјалните трудови, во коишто делумно е разработен односот на европското општествено мислење спрема Илинденското востание. На крајот, авторот дава кратко резиме на француски јазик.

Со својата исцрпност, прегледност и корисност овој прилог, достоен за респект, на научните работници им го трасира патот за комплексно проучување на односот на Европа спрема Илинденското востание и настаните, непосредно сврзани за него. Со овој необично корисен и вонредно значаен осврт, Христо Андонов-Полјански отвора нови хоризонти за целосно проучување, расветлување и обликување на дотичната тематика.

*Д. Д.*

**„Октобар у Југославији, 1918—1945"** — Издание на Институтот за изучување на работничкото движење, Белград, 1967

Педесетгодишнината на Октомвриската револуција во Русија, Заедницата на институциите за изучување на работничкото движење и СКЈ ја одбележа со објавувањето на зборникот на документи „Октобар у Југославији 1918 — 1945". Зборникот го издаде Институтот за работничко движење, Белград, 1967 година. Редакцијата на зборникот ја сочинуваат: Михаило Апостолски, Драгица Лазаревиќ, Јово Михаљевиќ и Убавка Вујошевиќ.

Во прибирањето на материјали за зборникот учествувале научни соработници од сите институции во Југославија, кои се занимаваат со проучување на историјата на работничкото движење, и Сојузот на комунистите на Југославија. Во зборникот се внесени 166 документи од вкупно пронај-

дените околу 3000 документи-прогласи, летоци, статии, извештаи, наредби, разни полициски и судски известувања и сл.

Документите во зборникот се подредени хронолошки, а групирани се спрема постојната периодизација на историјата на работничкото движење и НОБ. Тие се распоредени во четири дела. Во првиот дел се поместени документите сврзани со прославите и одбележувањата на годишнините на Октомвриската револуција од 1918—1920 година; вториот дел содржи документи настанати во времето од 1921 до 1928; третиот дел, од 1929—1941, а четвртиот дел го сочинуваат документи од 1941 до 1945 година. Зборникот започнува со предговор од Михаило Апостолски, а кон секој дел даден е увод во кој е изнесен карактерот и обемот на прославите на годишнините на Октомвриската револуција во дадениот период.

Презентираните документи даваат можност да се согледа дејноста на Комунистичката партија на Југославија, од 1918 година (кога комунистичките сили сè уште не биле обединети во единствена комунистичка партија) па наваму, во популаризирање на најважните остварувања на работните луѓе во Советскиот сојуз и во напорите на комунистите и другите прогресивни сили во Југославија да се заштити Револуцијата и нејзините придобивки. Наедно, КПЈ при секоја прослава ги изнесувала своите програмски цели за кои водела постојани акции. Таа будела свест и ги покренувала револуционерните сили во Југославија за создавање на социјалистичко општество и кај нас.

Во првиот дел од Зборникот се наоѓа 41 документ. Преку документите во овој дел, Редакцијата придонесува да се согледа пројавената интернационална обврска од страна на југословенските комунисти спрема младата советска република. Така, во 1919 година пред комунистите на Југославија беше истакнато дека минималната интернационална задача на југословенскиот пролетаријат е да не дозволи Југославија да земе учество во таборот на контрареволуцијата. Во првите годишнини на Октомвриската револуција се појави и националното прашање, односно прашањето за положбата на угнетените нации. Во Тетово, за време на прославата, е истакнато дека „. . .македонскиот народ е жив, силен и готов да умре за својата идеа. . .".

Прославите на Октомвриската револуција од 1921 до 1928 се одбележени со 42 документа. Меѓутоа, тие не се еднакво распоредени по години. Така, за 1921 и 1922 година има само по еден документ, заради тоа што КПЈ тогаш беше минала во илегален живот а кралската буржоаска власт беше зела замав. Но, веќе во наредните години КПЈ изнајде соодветни легални и полуилегални форми како за својата дејност, така и за помасово прославување на годишниците на Октомвриската револуција.

Делот од зборникот од 1929 до 1941 година го сочинуваат 39 документи. И овој период од историјата на КПЈ започнува со мошне тешки услови, какви што беа тие по заведување на Шестојануарската монархофашистичка диктатура, што имаше соодветен одраз и врз прославите на Октомвриската револуција. Во текот на прославите во овој период КПЈ ги истакнувала предностите на социјалистичкото општество и положбата на работничката класа во Советската Русија, наспроти светската стопанска криза во која западнало капиталистичкото општество и бедата и гладот во кои била фрлена работничката класа во капиталистичките земји.

Последните години пред Втората светска војна, како што се гледа од документите, КПЈ го свртела вниманието на работничката класа и народните маси на опасноста што му претела на светот од нараснатиот фашизам, кој веќе ја беше зел власта во Италија и Германија.

Четвртиот дел на Зборникот 1941—1945 година го сочинуваат 44 документи. Тие се дадени во групи за секоја година поодделно: 1941, 1942 и тн. За разлика од претходните делови, кога еден уводен текст се даваше за цел дел, во четвртиов дел пред документите од секоја година, што претставуваат целина, даден е посебен увод. Во текот на прославите во 1941—1945 година се истакнува улогата на Советскиот сојуз во разбивањето на Хитлеровата веона машина и местото на Советскиот сојуз како заштитник на малите народи.

Во прилозите, на крајот на Зборникот даден е поговор на Редакцијата, кратенките во текстот, преглед на листовите и списанијата кои се споменуваат во

документите, именскиот и топографскиот регистер. Во зборникот има факсимили на некои позначајни документи, а дадени се и фусноти за настаните што се спомнуваат во документите.

Редакцијата на зборникот направила мошне успешен избор на документи за овој така важен и значаен настан во светската историја. Редакцијата успеала преку разните документи по потекло и содржина да го даде карактерот на секоја прослава на годишниците. Особено е значајно што одбраните документи во зборникот даваат доволно светлина врз дејноста на КПЈ во популаризирање на успесите на советските народи и повикот на КПЈ спрема народите на Југославија за извојување слобода и изградба на социјалистичкото општество.

Спрема реченото, зборникот „Октобар у Југославији" претставува мошне значаен и солиден труд. Со него заедницата на институциите за проучување на работничкото движење и СКЈ успеја да пополни една доста голема празнина која особено се чувствуваше во наставата во сите видови училишта.

*М. Т.*

**Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење,** Скопје, Култура 1967, стр. 568.

Во издание на скопското издавачко претпријатие Култура, излезе монографијата на Данчо Зографски — „Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење".

Во оваа монографија, авторот, стојејќи цврсто врз позициите на марксистичката политичка економија, разгледува спектар на проблеми од поновата македонска стопанска историја. Величината на оваа монографија се огледува, пред се, во тоа што во неа, за првпат, комплексно се разгледува овој вонредно значаен период од македонската економска историја.

Монографијата содржи бројни статистички прегледи и податоци. Поделена е на осум дела, а на крајот е дадено резиме.

Во првиот дел — „Приспособувањето на турскиот феудален систем во Македонија кон потребите на поновиот стопански развиток" (17—119 стр.), авторот го разгледува процесот на разјадувањето на феудалните односи и зародувањето на капитализмот во Македонија. Најпрво, тој ја разгледува географската положба и географските и етнички граници на Македонија. Потоа се задржува на стопанската структура на Македонија во XVIII в., која се одликувала со „доминирачка улога на екстензивното земјоделство и со сточарството додека преработувачката на земјоделско-сточарските производи се одвивала на примитивен начин во рамките на домашното производство, на еснафите и во по некои малу поголеми работници" (стр. 34). Многубројните занаети во крајот на XVIII век биле ориентирани на производство, главно за задоволување на тесниот локален пазар. Занаетчиите биле организирани во аутархични сталешки корпорации — еснафи кои станале кочница за побрзиот развој. „Главните стопански гранки во Македонија кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век ја обележуваат економската структура на Македонија како структура на претежно аграрна земја чиј развиток на производните сили беше сопиран од постојните феудални односи. Земјоделско-сточарското производство имаше далеку поголемо значење отколку другите стопански гранки, а занаетчиската и рударската продукција се одвиваше во рамките на примитивна и заостаната техника и организација". (стр. 44). Во XVIII век Македонија била вклучена во сферата на медитеранската и европската трговија. Македонските суровини, посебно памукот, волната и тутунот, биле високо котирани од европските трговски кругови. Тоа довело до голем извоз на овие суровини од Македонија, што, од една страна, допринело за стимулирање на производството на овие суровини, а од друга страна довело до побрзо ширење на стоковно-паричните односи. Активниот надворешно трговски биланс на Македонија кон крајот на XVIII век многу поволно се одразил врз развојот на македонското стопанство.